Се објавува Заклучок за усвојување на Програма за измена на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина за 2013 година, што Советот на Општина Чашка го усвои на седницата на 11.07.2013.

Бр.08-1054/34
11.07.2013 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 1,2 од Законот за локална самоуправа Службен весник на РМ бр.5/2002, а во согласност со Законот за градежно земјиште Службен весник на РМ бр.17/2011 и 53/2011, член 14 став 1 алинеја 4 од Статутот на Општина Чашка, (Службен гласник на Општина Чашка бр.08/07, Советот на Општина Чашка, на седницата на 11.07.2013 година донесе:

## ЗАКЛУЧОК
## за усвојување на Програма за измена на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина за 2013 година

1. Советот на општина Чашка јусвои Програма за измена на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина за 2013 година

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Чашка.

Бр.07-1054/33
11.07.2013 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа н член 46 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.82/08, бр.17/11 и бр.53/11), согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост "Службен весник на РМ" бр.88/09, 157/09, 63/10, 98/10, 13/11 и 24/11), Советот на Општина Чашка на седницата одржана на 11.07.2013 година донесе

## ПРЕДЛОГ
## измена на програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Чашка за 2013 година

### ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува:

I. Просторот кој е предмет на уредување,
II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште,

III. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура,
IV. Изворите за финансирањето на Програмата,
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште,
VI. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба,
VII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата,
VIII. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти,
IX. Динамика на извршување на Програмата,
X. Преодни и завршни одредби.

## I. ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета, изградено и неизграденото земјиште на просторот на Општина Чашка, прогласен како градежен реон.

## *ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ*

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

II-1. Подготвителни работи и
II-2. Расчистување на градежното земјиште.

II-1. ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:

- Оформување на геодетска документација.
- Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II-2. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:

- Решавање на имотно правните односи.
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

## III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

**III-1 Основен степен на уреденост на градежно земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови;
- подземна електрична мрежа;
- улично осветлување;
- водоводна мрежа;
- фекална канализација и
- атмосферска канализација.

**III-2 Повисок степен на уреденост на градежно земјиште со комунална инфраструктура опфаќа објектите од ИИИ-1, како и:**

- ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа;
- топлификациона мрежа;
- паркинг простори
- гасоводна мрежа и
- пречистителна станица за отпадни води.

**III-3 Понизок степен на уреденост на градежно земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа);
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација);
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација);
- нестандардно улично осветлување и ;
- надземна нестандардна електрична мрежа.

**III-4 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:**

а) Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

- основни градски сообраќајници (примарни и секундарни);
- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со пратечки објекти;
- магистрални и примарни водови за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти
- градски плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);56
- изградба на јавно осветлување и
- изградба на јавно зеленило.

Овие елементи претставуваат претходни вложувања за опремувањето на градежното земјиште, а учествуваат со 20 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

б) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:

- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа, до и со приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;
- изградба на секундарни ТТ-мрежи до приклучен орман;

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште, до градежната парцела која е доделена на користење, согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа Општина Чашка, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Трошоците за уредување на градежното земјиште до градежната парцела согласно склучен договор со Општината може да ги плати и инвеститорот, правно или физичко лице.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства.

**III-5 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:**

- Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето(инвеститор).

-Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учеството во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од ЕВН-ЕСМ.

- Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради, корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие. Трошоците за заштита на тие објекти се на товар на корисникот на земјиштето.

- Трошоците за преместување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите се на товар на корисникот на земјиштето, со исклучок на трошоците за преместување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба и користење на објектите изградени без согласност на надлежниот општински орган.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања се на товар на корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

| / | **П Р И Х О Д И** | **Износ** |
|---|---|---|
| **1** | **Агенција за државни патишта** | 3.440.469,00 ден. |
| **2** | **Буџет на Општина Чашка** | 4.013.531,00 ден. |
| | **Вкупно** | **7.454.000,00 ден.** |
| | | |
| | **Р А С Х О Д И** | |
| Ф1 | **Урбано планирање** | **1.900.000,00 ден.** |
| 1 | Изработка на урбанистичка документација | 500.000,00 ден. |
| 2 | Изработка на техничка документација | 1.400.000,00 ден. |
| Ј6 | **Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** | **1.810.000,00 ден.** |
| 1 | Зимско одржување | 1.450.000,00 ден. |
| 2 | Чистење, поправка и одржување на локален пат за с.Долно Врановци | 180.000,00 ден. |
| 3 | Чистење, поправка и одржување на локален пат за с.Смиловци и с.Степанци | 180.000,00 ден. |
| ЈД | **Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици** | **1.824.000,00 ден.** |
| 1 | Набавка и транспорт на цемент за бетонирање на улица во с.Мелница (200 вреќи цемент) | 74.000,00 ден. |
| 2 | Набавка и транспорт на цемент за бетонирање на улица во с.Долно Јаболчиште (200 вреќи цемент) | 84.000,00 ден. |
| 3 | Набавка и транспорт на цемент за бетонирање на улица во с.Горно Врановци (200 вреќи цемент) | 78.000,00 ден. |
| 4 | Набавка и транспорт на цемент за бетонирање на улица во нас.Чашка (200 вреќи цемент) | 70.000,00 ден. |
| 5 | Набавка и транспорт на цемент за бетонирање на улица во нас.Чашка (200 вреќи цемент) | 70.000,00 ден. |
| 6 | Набавка и транспорт на агрегат за бетонирање (сепарирана песок) за бетонирање на улица во с.Мелница 35 $м^3$. | 44.000,00 ден. |
| 7 | Набавка и транспорт на агрегат за бетонирање (сепарирана песок) за бетонирање на улица во с.Долно Јаболчиште 35 $м^3$. | 50.000,00 ден. |
| 8 | Набавка и транспорт на агрегат за бетонирање (сепарирана песок) за бетонирање на улица во с.Горно Врановци 35 $м^3$. | 47.000,00 ден. |
| 9 | Набавка и транспорт на агрегат за бетонирање (сепарирана песок) за бетонирање на улица во нас.Чашка 35 $м^3$. | 43.000,00 ден. |
| 10 | Набавка и транспорт на агрегат за бетонирање (сепарирана песок) за бетонирање на улица во нас.Чашка 35 $м^3$. | 43.000,00 ден. |
| 11 | Набавка и транспорт на тампон од 0-60 мм за тампонирање на улица во с.Мелница 35 $м^3$. | 28.000,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Набавка и транспорт на тампон од 0-60 мм за тампонирање на улица во с.Долно Јаболчиште 35 $м^3$. | 36.000,00 ден. |
| 13 | Набавка и транспорт на тампон од 0-60 мм за тампонирање на улица во с.Горно Врановци 35 $м^3$. | 33.000,00 ден. |
| 14 | Набавка и транспорт на тампон од 0-60 мм за тампонирање на улица во с.нас.Чашка 35 $м^3$. | 27.000,00 ден. |
| 15 | Набавка и транспорт на тампон од 0-60 мм за тампонирање на улица во с.Нас.Чашка 35 $м^3$. | 27.000,00 ден. |
| 16 | Набавка и транспорт на цемент за бетонирање на улица во с.Богомила (200 вреќи цемент) | 50.000,00 ден. |
| 17 | Набавка и транспорт на агрегат за бетонирање (сепарирана песок) за бетонирање на улица во с.Богомила 35 $м^3$. | 84.000,00 ден. |
| 18 | Набавка и транспорт на тампон од 0-60 мм за тампонирање на улица во с.Нас.Чашка 35 $м^3$. | 36.000,00 ден. |
| 19 | Пробивање на улица во населба Чашка | 100.000,00 ден. |
| 20 | Набавка на цемент за бетонирање на улици и потпорни ѕидови во населени места | 300.000,00 ден. |
| 21 | Набавка на тампон за тампонирање на улици и локални патишта на територијата на Општина Чашка | 300.000,00 ден. |
| 22 | Превоз на цемент и тампон | 100.000,00 ден. |
| 23 | Надзор на извршување на програмата | 100.000,00 ден. |
| ЈИО | Изградба на системи за одведување и пречистување | **1.300.000,00 ден.** |
| 1 | Доградба на фекална канализација во нас.Чашка | 1.000.000,00 ден. |
| 2 | Чистење на речно корито на река Бабуна | 150.000,00 ден. |
| 3 | Чистење на речно корито на река Изворчица | 150.000,00 ден. |
| **Ј00** | **Одржување на урбана опрема** | **520.000,00 ден.** |
| 1 | Одржување на урбана опрема од ЈПКД ТОПОЛКА | 520.000,00 ден. |
| Ј40 | Јавна чистота | **100.000,00 ден.** |
| 1 | Доделување на срества по Програма за одржување на јавна чистота на ЈПКД ТОПОЛКА | 100.000,00 ден. |
| | **Вкупно (Ф и Ј)** | **7.454.000,00 ден.** |

## IV. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

## V. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

За урбани единици за кои се донесени урбанистички планови за село висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште при изградба, доградба, надградба и пренамена на објекти е усвоена 350,00 денари. 2.

Во оваа цена не се предвидени трошоците за уредување на земјиштето околу објектите (партерно уредување) кое со самофинансирање ќе го уредуваат самите граѓани.

При изготвување на овој Програма почитуван е Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степеност на уреденост (Сл.весник на РМ бр.88/2009, 157/09, 63/10, 98/10, 13/11 и 24/11).

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци. Согласно тоа, висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, што представува збир на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

| И. Градежен реон | | |
|---|---|---|
| 1. | ***Станбени објекти*** (индивидуални и колективни) | 350,оо ден./м2 |
| | - станбени простории . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 1.0 |
| | - станб. простории со висина до 2,50 м, подпокривен простор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.2 |
| | - лоѓија затворена од три страни. . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.4 |
| | - подлоѓија затворена од две страни. . . . . . | Коефициент 0.3 |
| | - балкони, тераси . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.2 |
| | - заеднички проодни тераси, пасажи. . . . . . . . . | Коефициент 0.2 |
| | - помошни простории, остава за гориво, котлара, визба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.3 |
| | - трафостаница од 35 Кв во објект и надвор од објектот. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.3 |
| | - скалишен простор и заеднички комуникации. | Коефициент 0.3 |
| | - стражарници, управител, простории за домар. | Коефициент 0.5 |
| | - паркиралишта и гаражи . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.1 |
| 2. | ***Деловни, јавни и производни објекти*** | 350,оо ден./м2 |
| | - простории . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 1.0 |
| | - магацини. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.5 |
| | - помошни простории, остава за гориво, котлара . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.3 |
| | - трафостаница од 35 Кв во објект и надвор од објект. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.4 |
| | - скалишен простор и заеднички комуникации. | Коефициент 0.5 |
| | - паркиралишта и гаражи . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.1 |
| | - лоѓија затворена од три страни. . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.5 |
| | - подлоѓија затворена од две страни. . . . . . | Коефициент 0.3 |
| | - балкони, тераси . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.4 |
| | - отворен наткриен простор . . . . . . . . . . . . . . . . | Коефициент 0.3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | ***Други објекти:***<br>- катна гаража . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- спортски покриени објекти . . . . . . . . . . . . . . .<br>- спортски откриени објекти . . . . . . . . . . . . . . .<br>- гасни станици и базни станици **за 50% од површина на локацијата**.<br>- отворени пазаришта, за 30% од површината на локацијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- базени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- трафостаници над 35Кв . . . . . . . . . . . . . . . . . . | 350 ден./м2<br>Коефициент 0.2<br>Коефициент 0.5<br>Коефициент 0.3<br>Коефициент 1.0<br>Коефициент 1.0<br>Коефициент 0.2<br>Коефициент 1.0 |
| 4. | ***Објекти од група на намени Г- производство. Дистрибуција и сервиси***<br><br>***Г1 тешка и загадувачка индустрија***<br>***Г2 лесна и незагадувачка индустрија***<br>***Г3 сервиси***<br>***Г4 стоваришта*** | <br><br>Коефициент 0.05<br>Коефициент 0.05<br>Коефициент 0.05<br>Коефициент 0.05 |
| 5. | ***За бензинска пумпна станица и нејзините придружни содржини ( продавници, кафетерии и ресторани, автосервиси, авто салони, помошни простории)***<br>***-продажни простории на бензинските пумпни станици***<br>***-услужни простории на бензинските пумпни станици*** | 1,0<br><br>1,0 |
| 6. | ***За објекти од групата на класи на намени Б5 – угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од групата на класи и намени А4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:***<br><br>***-сите простории*** | 0.05 |

По исклучок, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- инсталационите канали;
- окната за лофтови;
- окна на врати ;
- отворени паркиралишта и
-подземни резервоари.

За објектите со височина над 32 ката, висината за трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште , се пресметува на 27 % од вкупно пресметаната површина врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, што представува збир на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект.

Во останатите урбани единици за кои што општината нема донесено урбанистички план за село, а издавањето на условите за градба се врши врз основа на урбанистички план вон населено место, државна и локална урбанистичка планска документација и општи акти, при пресметувањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се наплатува 20% од утврдениот надоместокот за уредување на градежното земјиште за основната инфраструктура и ќе се применува табелата за дополнително опремување на градежното земјиште.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина корисна површина.

При пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште учеството на поедините елементи на дополнителното опремување на градежното земјиште, кои учествуваат со 80% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, е следното:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на генерални, детални урбанистички планови, урбанистичка документација, проектна документација и надзор | 5,00 % |
| 2 | Изградба на улици<br>- пробивање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .<br>- изградба на горен и долен строј . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | 11,00 %<br><br>37,50 % |
| 3 | Изградба на фекална канализација | 6,00 % |
| 4 | Изградба на водоводна мрежа | 5,50 % |
| 5 | Поставување на нисконапонска мрежа | 5,оо % |
| 6 | Поставување на трафостаница | 10,00 % |
| | Вкупно: | 80,00 % |

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 80 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

При реконструкција со која не се добива нова градежна површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

**За утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти согласно Член 20 став3 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен Весник на РМ бр.23/2011) , при пресметувањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се наплатува 100% од утврдениот надоместокот за уредување на градежното земјиште. за основната инфраструктура и ќе се применува табелата за дополнително опремување на градежното земјиште**.

<u>Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин:</u>

- За расчистувањето на градежни парцели за објекти од комунална инфраструктура за индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, проектирањето и изградбата објекти од комунална инфраструктура и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште на ниво на Општина Чашка, врз Основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина.

Корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во Општината.

Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат, Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка се наплатува по упросечени цени.

## VI. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (административно - деловен, производен и објекти од јавен карактер), во станбен простор не се наплатува.

Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во предходниот период, за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено урбанистичка документација и не е изградена секундарната инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на општината да и надокнади за порано направените трошоци во висина од 20%(основна инфраструктура) од надоместокот за уредување на градежно земјиште да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест; односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на општината без надомест.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат “прагови” врзани во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниов начин:

* За вкупен износ на надоместокот до 20.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договорот во целост.
* За вкупен износ на надоместокот од 40.000,оо до 60.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.
* За вкупен износ на надоместокот над 60.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.
* При наплатување на надоместокот за уредување на градежното земјиште во случај на легализација (по донесување на Закон за легализација на дивоградби за населени места за

кои има донесено урбанистички планови) на веќе изградени објекти плаќањето ќе се врши на 24 (дваесет и четири) еднакви месечни рати, без оглед на висината на надоместокот.

Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште .

## VII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината ја финансира изработката на УП за село, УП вон населено место, локална урбанистичка планска документација и Општи акти (согласно усвоената годишна Програма за изработка на урбанистички планови за селата во Општина Чашка од страна на Советот на Општина Чашка) и изработка на техничка документација за инфраструктурни објекти.УП вон населено место или локална урбанистичка планска документација кои се изработуваат на барање на заинтересирани правни или физички лица и чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината, ќе биде финансирана од страна на барателите.

## VIII. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

## VIII. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА

Измените се однесуваат во приходниот и расходен дел од програмата. Измената на Програмата за 2013 година е резултат на се поголемите потреби на населението на Општина Чашка од една страна и слабиот буџет од друга стран. Предлагачот смета доколку се набави материјалот и учество на локалното население ќе може да се изгради поголем обем на инфраструктура а исто така и ќе се зголеми јавното учество во изградбата на локалната инфраструктура и подигне свеста кај населението. Со обезбедување на повеќе финансиски сретства ќе се создаде можност за проширување на програмата.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е градоначалникот на Општина Чашка.

2. Градоначалникот на Општина Чашка е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5% да го информира Советот на Општина Чашка, а за поголемо прераспоредување на средства одлука мора да донесе Советот на Општина Чашка.

3. Оваа Програмата влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Чашка".

Бр.07-1054/32
11.07.2013 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на**
**Заклучок за Одобрување на Барање**

Се објавува Заклучок за Одобрување на Барање, што Советот на Општина Чашка го усвои на седницата на 11.07.2013.

Бр.08-1054/31
11.07.2013 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на чл. 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на Општина Чашка на седницата одржана на 11.07.2013година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за Одобрување на Барање**

1. Советот на Општина Чашка го одобри Барањето на жителите на село Бањица бр.07-892/1 од 04.06.2013 година, за изградба на верски Објект во с.Бањица.

2. Барањето ќе биде доставено до надлежние служби во општината, за понатамошно постапување по истото.

3. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Чашка.

Бр.07-1054/30
11.07.2013 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Чашка го усвои на седницата на 11.07.2013.

Бр.08-1054/33
11.07.2013 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002), Советот на Општина Чашка на седницата на 11.07.2013 донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за одобрување на финансиски средства**

1. Со ова Решение Советот на општина Чашка го одобри барањето на Организаторите на квизот „Рамазани 2013„ од с. Г.Јаболчиште, за финансиски средства во висина од 15.000,оо денари.

2. Средствата за реализација на ова Решение ќе се обезбедат од Буџетот на општина Чашка за 2013година, Програма АО Совет на општина, подставка 413110-тековни резерви.

3. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Чашка.

Бр.07-1054/31
11.07.2013 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа Службен весник на РМ бр 5/2002, а во согласност со Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Чашка го донесе на седницата на 11.07.2013 година, Градоначалникот на Општина Чашка, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за одобрување на финансиски средства**

1. Се одобрува исплата на финансиски средства, на Организаторите на квизот „Рамазани 2013„ од с.Г.Јаболчиште, во висина од 15.000,оо денари.

2. Средствата за реализација на ова Решение ќе се обезбедат од Буџетот на општина Чашка за 2013година, Програма АО Совет на општина, подставка 413110-тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансии во Општина Чашка да го спроведе ова Решение.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.08-1054/32
11.07.2013 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Чашка го усвои на седницата на 11.07.2013.

Бр.08-1054/29
11.07.2013 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002), Советот на Општина Чашка на седницата на 11.07.2013 донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за одобрување на финансиски средства**

1. Со ова Решение Советот на општина Чашка го одобри барањето на Драган Арсовски од Чашка, за финансиски средства финансиска помош, за тешка материјална и финансиска состојба, во висина од 5.000,оо денари.

2. Средствата за реализација на ова Решение ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чашка за 2013година, Програма АО Совет на општина, подставка 413110-тековни резерви.

3. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Чашка.

Бр.07-1054/27
11.07.2013 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002), а во согласност со Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на општина Чашка го донесе на седницата на 11.07.2013 година, Градоначалникот на Општина Чашка, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за одобрување на финансиски средства**

1. Се одобрува исплата на финансиски средства, на Драган Арсовски од Чашка,за тешка материјална и финансиска состојба,во висина од 5.000,оо денари.

2. Средствата за реализација на ова Решение ќе се обезбедат од Буџетот на општина Чашка за 2013година, Програма АО Совет на општина, подставка 413110-тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансии во Општина Чашка да го спроведе ова Решение.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.08-1054/28
11.07.2013 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за неодобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за неодобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Чашка го усвои на седницата на 11.07.2013.

Бр.08-1054/35
11.07.2013 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002), Советот на Општина Чашка на седницата на 11.07.2013 донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за неодобрување на финансиски средства**

1. Советот на Општина Чашка не го одобри барањето на Гоце Станчев-Здружение на граѓани Разбој од Велес, поради немање на доволно финансиски средства за таа намена.

2. Решението влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Чашка.

Бр.07-1054/34
11.07.2013 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за неодобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за неодобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Чашка го усвои на седницата на 11.07.2013.

Бр.08-1054/37
11.07.2013 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002), Советот на Општина Чашка на седницата на 11.07.2013 донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за неодобрување на финансиски средства**

1. Советот на Општина Чашка не го одобри барањето на Коле Ѓорѓиевски од с.Оморани, поради немање на доволно финансиски средства за таа намена.

2. Решението влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Чашка.

Бр.07-1054/36
11.07.2013 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

**Содржина:**


1. Заклучок за објавување на измена и дополнување на Буџетот на Општина Чашка за 2013 година

2. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Чашка за 2013 година

3. Заклучок за објавување на Одлука за извршување усогласување на намената на земјиштето на КП 603 и 604 КО Горно Врановци

4. Одлука за извршување усогласување на намена на земјиштето на КП 603 и 604 КО Горно Врановци

5. Заклучок за објавување на Одлука за вклопување во идна урбанистичко-планска документација на КП 3109 КО Владиловци

6. Одлука за вклопување во идна урбанистичко - планска документација на КП 3109 КО Владиловци

7. Заклучок за објавување на Одлука за вклопување во идна урбанистичко-планска документација на КП 43/1 и 125 КО Витанци

8. Одлука за вклопување во идна урбанистичко - планска документација на КП 43/1 и 125 КО Витанци

9. Заклучок за објавување на Одлука за давање на Согласност на Одлуката за изменување и дополнување на цените на комуналните услуги на ЈПКД "Тополка" Чашка

10. Одлука за давање на Согласност на Одлуката за изменување и дополнување на цените од Ценовникот на комуналните услуги на ЈПКД „Тополка„ Чашка

11. Заклучок за објавување на Одлука за набавка на движна ствар (ново патничко моторно возило за потребите на Општина Чашка)

12. Одлука за набавка на движна ствар-ново патничко моторно возило за потребите на Општина Чашка

13. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација и мерки за заштита на животни во Општина Чашка за 2013 година

14. Заклучок за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација и мерки за заштита на животни во Општина Чашка за 2013 година

15. Програма за измена и дополнување на Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација и мерки за заштита на животни во Општина Чашка за 2013 година

16. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за измена на Програма за активностите на општина Чашка во областа на спортот и здруженијата на граѓани за 2013

17. Заклучок за усвојување на Програма за изменување на Програма за активностите на Општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2013 година

18. Програма за измена на Програма за активностите на Општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2013 година

19. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за измена на Програма за јавно осветлување на Општина Чашка за 2013 година

20. Заклучок за усвојување на Програма за измена на Програма за јавно осветлување на Општина Чашка за 2013 година

21. Програма за измена на Програма за јавно осветлување на Општина Чашка за 2013 година

22. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за измена на Програма за активностите на општина Чашка во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2013 година

23. Заклучок за усвојување на Програма за измена на Програма за активностите на општина Чашка во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2013 година

24. Програма за измена и дополнување на Програма за активностите на Општина Чашка во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2013 година

25. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за измена на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина за 2013 година

26. Заклучок за усвојување на Програма за измена на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина за 2013 година

27. Предлог измена на програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Чашка за 2013 година

28. Заклучок за објавување на Заклучок за одобрување на барање

29. Заклучок за Одобрување на барање

30. Заклучок за објавување на Решение за одобрување на финансиски средства

31. Решение за одобрување на финансиски средства

32. Решение за одобрување на финансиски средства

33. Заклучок за објавување на Решение за одобрување на финансиски средства

34. Решение за одобрување на финансиски средства

35. Решение за одобрување на финансиски средства

36. Заклучок за објавување на Решение за неодобрување на финансиски средства

37. Решение за неодобрување на финансиски средства

38. Заклучок за објавување на Решение за неодобрување на финансиски средства

39. Решение за неодобрување на финансиски средства

**Издавач: Општина Чашка**
**ул..Илинденска бр.8 нас.Чашка**

**Уредник/Бојанка Мирова**
**Изготвил/ Димче Ангелов**
**Техничка обработка/Димче Ангелов**